штедилница
МОЖНОСТИ

Штедилница Можности ДОО Скопје, бул. „Јане Сандански“ 111, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, П. Фах 883
Тел.+389 2 2401 051 Факс.+389 2 2401 049 http://www.moznosti.com.mk e-mail: contact@moznosti.com.mk

# ОПШТИ УСЛОВИ ЗА РАБОТЕЊЕ СО ДЕПОЗИТИ НА ФИЗИЧКИ ЛИЦА

| **Име на продукт** | **ОГРАНИЧЕН (ГАРАНТЕН) ДЕПОЗИТ** |
|---|---|
| **Целна група на клиент** | • Физички лица |
| **Намена на депозитот** | • Ограничен (гарантен) депозит е оној вид на депозит кој депонентот го остава како гаранција за одобрен кредит<br>• Депозитот може да биде наменски само ако има активен кредит |
| **Валута на депозит** | • МКД |
| **Минимален износ** | • 1.000,00 денари |
| **Рок на орочување** | • 1, 3, 6, 12, 24, 36 месеци за депозитите отворени заклучно со 30.09.2017, а за депозитите отворени почнувајќи од 01.10.2017 година, рок еднаков на рокот на кредитот за кој депозитот е гаранција |
| **Каматна стапка** | • 0,02 % |
| **Тип на каматна стапка** | • **Прилагодлива** каматна стапка на депозитите отворени заклучно со 30.06.2017 година<br>• **Фиксна** каматна стапка на депозитите отворени и реорочени по 01.07.2017 година |
| **Пресметка и плаќање на камата** | • Каматната стапка е на годишна основа<br>• Метода на пресметка на камата - конформна метода<br>• Декурзивна пресметка на камата<br>• Пресметувањето на каматата се врши месечно, а штедилницата го врши начинот на пресметка на каматата согласно со законските прописи<br>• Со препишување на каматата на депозитот на крајот на периодот на орочување |
| **Исплата на средства** | • Со средствата од депозитот не може да се располага сѐ додека е активна кредитната партија за која гаранција е депозитот<br>• Наменските депозити кои претставуваат гаранција за продуктот кредит наспроти депозит, отворени почнувајќи од 01.10.2017 година, во секој момент мора да имаат салдо во сооднос од 110 % во однос на салдото на неотплатениот кредит. Во текот на отплатата на кредитот, средствата од депозитот кои го надминуваат покритието за кредитот ќе бидат префрлени на депозит по видување или трансакциска сметка на клиентот кои се депонирани при отворањето на наменскиот депозит |
| **Останати одредби** | • За вложените средства депонентот и штедилницата склучуваат Договор за ограничен (гарантен) депозит<br>• За вложените средства штедилницата издава штедна книшка преку која се евидентираат и следат промените на депозитот<br>• Вкупните депозити на депонентите во штедилницата се осигурени во Фондот за осигурување на депозити АД Скопје. Фондот ги обесштетува вкупните депозити по депонент (ЕМБГ), но не повеќе од денарска противвредност на 30.000 евра во една банка, филијала на странска банка или штедилница, пресметана по среден курс на НБРМ. Во наведениот износ се пресметува главнината на депозитот, пресметаната и припишана камата, како и непристигнатата камата до денот на конечноста на решението<br>• Податоците поврзани со депозитот и личните податоци на депонентот претставуваат банкарска (деловна) тајна и притоа штедилницата се обврзува дека истите нема да ги открива на други лица, освен ако со закон или подзаконски пропис е поинаку предвидено, со што депонентот изречно се согласува<br>• Штедилница Можности не прибира девизни депозити на своите уплатно-исплатни места |

*** За дополнителни информации обратете се во експозитурите на штедилницата**

Јуни, 2019 година

Штедилница Можности ДОО Скопје